Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

КСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-60/3
11-04-2023 година

Постапувајќи по претставката бр. 08-570 од 07.11.2022 година, поднесена од [redacted], Скопје Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) на 11.04.2023 години, го донесе следниот

## ЗАКЛУЧОК

**СЕ ОТФРЛА** претставката со бр. 08-570 од 07.11.2022 година, поднесена од [redacted] **поради неуредност.**

## Образложение

На 07.11.2022 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка од страна на подносителката [redacted] за сторена дискриминација.

Од причина што претставката не ги содржеше задолжителните елементи од член 24 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата согласно член 24 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, до подносителот достави барање за доуредување на претставката со бр. 08-60/1 на 11.01.2023 и уште едно со бр. 08-60/2 по електронска пошта поради претходно неуспешниот обид за достава, при што подносителката беше и дополнително телефонски исконтактирана од наша страна се во насока за доуредување на претставката. **Со барањето подносителот беше задолжен да ја доуреди претставката, во насока што ќе го наведе потенцијалниот дискриминатор и областа во која е извршена дискриминацијата.**

Подносителот не ја доуреди претставката во законски предвидениот рок, следствено на тоа Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот и ја отфрли претставката поради неуредност.

Комисија за спречување
и заштита од дискриминација
Претседател
Исмаил Камбери

Доставено до:
[redacted]